Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

Дата: 16-10-2023

Арх.бр. 18-5860/5

**Извештај**
**за извршен надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво на Општина Радовиш за 2023 година**

Комисијата за вршење надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво, формирана од страна на министерот за животна средина и просторно планирање со Решение бр. 18-1096/1 од 06.02.2023 година, а согласно Планот за вршење на надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животнага средина на локално ниво донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1096/2 од 16.02.2023 година спроведе надзор на законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на Општина Радовиш. Надзорот е извршен врз основа на прашалник кој претходно беше доставен до надлежните органи од страна на министерството, а потоа пополнет и доставен со допис брпј 18-2394/13 од 07.09.2023 година од страна на Општина Радовиш.

Во областа на спроведувањето на законот за инспекциски надзор може да се набројат неколку точки согласно одговорите во прашалникот, имено:

1. Согласно Актот за систематизација, инспекцискиот надзор во Општина Радовиш е организиран во рамките на Сектор-Инспекторат, во кој раководи помошник раководителот на Сектор Томе Даневски лиценциран Виш инспектор за животна средина, а дополнително имаат уште еден извршител Инспектор за животна средина Душко Лажовски;
2. Не е воспоставена заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во областа на животната средина со други општини;
3. Општината има поднесено предлог програма за целиот Сектор-инспекторат, но нема поднесено предлог програма засебно за инспекциски надзор во животната средина, предлог прогама не е доставена до Државен инспекторат за животна средина кој

Република Северна Македонија

Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

Дата.............................

Арх.бр.............................

согласно член 12 (4) од Законот за инспекциски надзор во животната средина директорот на ДИЖС треба да ја донесе програмата врз основа на предлог-програми подготвени од општините и од Градот Скопје.

4. Општина Радовиш има подготвен годишен план за инспекциски надзор согласно членот 33 од Законот за инспекциски надзор, истиот не е доставено до ДИЖС кој согласно член 15 од Законот за инспекциски надзор во животната средина треба врз основа на поединечно подготвените Годишни планови од страна на Државниот инспекторат за животна средина и општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје да подготви Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија. Сепак, општина Радовиш нема постапено по член 14 од Законот за инспекциски надзор во животната средина односно годишниот план го нема доставено на мислење до МЖСПП.
5. Општината има обезбедено соодветна опрема за вршење на инспекциски надзор согласно видот на надзорот, а за увид на терен се користат службените возила на општината. Воедно не е обезбедена и заштитна опрема за лична безбедност при вршење на инспекциски надзор, доколку е утврдена опасност по здравјето и безбедноста на инспекторот, а имаат осигурување за инспекторите од ризици настанати при работа. Произлегува дека општината не го почитува член 19 од Законот за инспекциски надзор во животната средина согласно кој за вршење инспекциски надзор во животната средина, покрај општите услови за работа утврдени во прописите за работни и административни односи, на инспекторите треба да им се обезбедат и посебни услови за работа со кои ќе се гарантира соодветен степен на заштита и тоа:

- обезбедување соодветна опрема, превоз и средства за вршење инспекциски надзор согласно со видот на надзорот,
- користење заштитна опрема за лична безбедност за време на вршење на инспекцискиот надзор доколку постои опасност по здравјето и безбедноста на инспекторот и
- осигурување од ризици настанати при работа согласно со закон.

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

Дата............................

Арх.бр............................

6. При вршење на инспекциски надзор овластените инспектори за животна средина користат листи на проверка согласно член 34 и 35 од Законот за инспекциски надзор во животната средина;
7. Во општина Радовиш моментално нема регистрирани субјекти кои исполнуват критериуми за поднесување на Б интегрирана еколошка дозвола.
8. Во текот на 2022 година се направени вкупно 32 инспекциски надзори, од кои 3 вонредни инспекциски надзори;
9. Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека субјектот не се придржува кон техничките прописи, стандардите, законите и останатите акти и покрај определувањето на рокот до кој неправилностите треба да се отстранат, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочка постапка пред надлежен орган;
10. Општина Радовиш има потреба од обуки за инспекциски надзор во делот на измените на постоечките закони и подзаконски акти за животна средина;
11. Општина Радовиш нема тешкотии при примена на инспекциската постапка при тоа не наведува во кој дел.

Согласно член 43 (3) од Законот за инспекциски надзор во животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање ги дава следните укажувања, насоки и мерки за понатамошни постапувања:

- Да се постапи согласно член 12 (4) од Законот за инспекциски надзор односно предлог програма за инспекциски надзор во животната средина да се достави до Државен инспекторат за животна средина (рок за постапување – 1 месец).
- Да се постапи по член 14 од Законот за инспекциски надзор во животната средина односно годишниот план да го достави на мислење до МЖСПП (рок за постапување – 1 месец).
- Општината да обезбеди соодветна опрема за вршење на инспекциски надзор согласно видот на надзорот, како и заштитна опрема за лична безбедност при вршење на инспекциски надзор, воедно и осигурување за инспекторите од ризици настанати при работа согласно член 19 од Законот за инспекциски надзор во животната средина согласно кој за вршење инспекциски надзор во животната средина, покрај општите услови за работа утврдени во прописите за работни и административни односи, на инспекторите треба да им се обезбедат и посебни

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

Дата............................

Арх.бр............................

услови за работа со кои ќе се гарантира соодветен степен на заштита. (рок за постапување – 6 месеци)

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор во животната средина Општина Радовиш треба да постапи по горенаведените укажувања и по изминување на дадениот рок да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање.

Скопје, 2023 година

Претседател на Комисија
Тања Пауновска ____________________

Членови на Комисијата:

Тања Кироска Донски ____________________
Lumni Jashari ____________________